РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 65 / 19
05.02.2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018, Сл. весник на РСМ бр. 178/21 и Сл. весник на РСМ бр. 58/24), Законот за заштита на личните податоци (Сл. весник на РСМ 42/20 и Сл. весник на РСМ бр. 294/21) и член 23 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на својата 2-ра седница одржана на 5.2.2025 година го донесе следниот:

# ПЛАН

# ЗА УТВРДУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## 1. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Со овој план се предвидува создавање соодветен систем за технички и организациски мерки кои Универзитет Американ Колеџ Скопје (во натамошен текст УАКС) во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци и за оценка за нивна соодветност со видот и обемот на работните порцеси што ги води УАКС.

## 2. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

УАКС ги води следните збирки на лични податоци:

- збирка на лични податоци добиени од договорни услуги,
- зборка на анагажирани лица,
- привремени збирки за инцедентни работи.

Во УАКС се обработуваат следните категории на личните податоци:

**1.** Личните податоци добиени од договорните услуги кои се запишани во Збирка на личните податоци од договорните услуги:

- име и презиме.

**2**. Лични податоци на ангажирани лица:

- име и презиме,
- адреса на живеење,
- работно место на кое е распроделено лицето,
- единствен матичен број на ангажираните лице,
- број од трансакциски сметки од ангажираните лица,

- датум на почеток и престанок на ангажирањето.

**3.** Лични податоци во збирката за инцидентни работи:
- име и презиме,
- адреса на живеење,
- работно место на кое е распределено лицето,
- единствен матичен број на ангажираните лице,
- број од трансакциски сметки од ангажираните лица,
- датум на почеток и престанок на инцидентната работа.

## 3. НИВОА НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

На сите документи во УАКС задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и класифицирани во тир нивоа

**1) основно ниво** – УАКС задолжително озбезбедува за сите лични податоци за документите кои содржат матичен број на граѓанинот и за документите кои содржат лични податоци кои се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа а содржат посебни категории на лични податоци и матичен број на граѓанинот.

**2) средно ниво** - лични податоци за документите кои содржат матичен број на граѓанинот и за документите кои содржат лични податоци кои се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа а содржат посебни категории на лични податоци и матичен број на граѓанинот.

**3) високо ниво** - документите кои содржат лични податоци кои се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа а содржат посебни категории на лични податоци и матичен број на граѓанинот.

## 4. ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во УАКС се состои од следните механизми:

1. Правилник за техничките и организациките мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци со Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема;
2. Правилник за пријавување, реакција и санирање инциденти;
3. Правилник за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, ккао и повторно враќање на зачуваните лични податоци;
4. Правилник за начинот на уништување на документит, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

Вработените и ангажираните лица во УАКС се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитува и применува овие интерни акти.

**5. ПЕРИОДИЧНИ КОНТРОЛИ**

Вработените и ангажираните лица во УАКС се должни секој во рамките на своите работни задачи да вршат еднаш  годишно согласно на своите работни задачи спроведување на технички и организациони мерки за заштита на личните податоци.

**6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Универзитетски сенат**
**доц. д-р Ивона Милева, претседател**

Ивона Милева

Digitally signed by Ивона Милева
Date: 2025.02.05 14:01:59 GMT